РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 07-16940/1
21-10-2014 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 10 став 2 алинеја 6 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/09 и 158/10), министерот за образование и наука донесе

**ПРАВИЛА**

**за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите**

**Член 1**

Со овие правила се пропишува начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите што се користат за обработката на лични податоци на Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: "Контролорот").

**Член 2**

Документите кои содржат лични податоци по истекот на определениот рок за нивно чување се уништуваат од комисија определена од страна на Контролорот.

Документите од став 1 на овој член се уништуваат со уред за ситнење (шредер) за што комисијата составува записник кој го доставува до министерот за образование и наука.

Во записникот од став 2 на овој член задолжително се наведуваат категориите на лични податоци кои што ги содржат документите што се уништуваат.

**Член 3**

По пренесување на личните податоци од медиумот или по истекот на определниот рок за чување, медиумот се уништува, се брише или пак се чисти од личните податоци кои се снимени на него.

**Член 4**

Уништувањето на медиумот се врши со механичко разделување на неговите составни делови, при што истиот повторно да не може да биде употреблив.

Бришењето или чистењето на медиумот се врши на начин што оневозможува понатамошно обновување на снимените лични податоци со користење на програмска алатка за таа намена.

За случаите од став 1 и 2 од овој член се составува записник, кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на медиумот, како и за категориите на лични податоци снимени на истиот.

**Член 5**

Овие правила влегуваат во сила со денот на нивното донесување.

Министер,

Abdilaqim Ademi

__________________2014 година